СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

*Семинар на тема:*

# ДЕМОКРАТИЈАТА И СОБРАНИЕТО

*за ученици од средните училишта во Република Северна Македонија*

Содржините за семинарот се развиени и реализирани од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија

**<u>Општи информации</u>:**

Парламентарниот институт е посебна организациона единица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, кој функционира како центар за истражување, едукација и информирање, воспоставен на принципите на непристрасност, достапност и кредибилитет.

Парламентарниот институт, помеѓу останатото, спроведува активности за едукација и информирање на граѓаните за работата и улогата на Собранието (согласно својата стратешка цел за отвореност на Собранието кон јавноста).

Во текот на годината, планирано е да се организираат два еднодневни семинари за едукација на ученици од средните училишта во Република Северна Македонија на тема **„Демократијата и Собранието“**. Активноста претставува посебна програма на Одделението за едукација и комуникација на Парламентарниот институт која се спроведува како работилница во времетраење од пет и пол часови. Овие семинари се наменети за ученици од средните училишта, кои во рамки на наставните предмети изучуваат содржини поврзани со управувањето со општеството и власта во Република Северна Македонија. Таков предмет во наставните програми на средните стручни училишта е предметот Граѓанско образование кој се изучува во IV година. Во наставните програми за средното гимназиско образование такви предмети се Социологија, Вовед во правото, Филозофија и Етика.

**<u>Опис на семинарот</u>**

Едукативната активност е замислена да се спроведува во вид на семинар со времетраење од пет и пол часа. Преку содржини прилагодени за нивната возраст, учениците ги утврдуваат и прошируваат своите знаења за парламентарната демократија и нејзиниот историски развој во Македонија, за работата на Собранието, изборот на народните претставници, донесувањето на законите и други слични теми. Пристапот на обучувачот е комбинација на теоретски предавања, практични вежби, игри и видео проекции. Низ семинарот преовладува интерактивниот пристап, што претпоставува вклученост на учесниците низ поставување прашања и дискусии и размена на искуства.

Семинарот започнува со организирана обиколка низ свечениот дел на зградата на Собранието, која вклучува посета на салата Македонија (пленарна сала), салата Борис Трајковски, Холот пред Кристалната сала,

Кристалната сала, Салата на Уставна комисија, Охридската и Струшката соба, Спомен собата на АСНОМ, салата Длаборез, Холот со портрети и Салата под Големата купола. Преку обиколката, учесниците имаат можност одблиску да го запознаат просторот во кој работат пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Агендата на семинарот се состои од четири тематски сесии. Во првата сесија учениците се запознаваат со демократијата, при што се зборува за различното поимање на демократијата како вредност, политички поредок и идеологија. Дополнително, во текот на сесијата се објаснуваат карактеристиките на претседателскиот и парламентарниот систем и се дефинира политичкиот систем на Република Северна Македонија и улогата на Собранието во него.

Втората сесија е посветена на историјата на парламентаризмот во Македонија, преку која учениците имаат можност да се запознаат со минатото, историските процеси, настани и личности кои оставиле свој белег на историјата на парламентаризмот во Македонија.

Целта на третата сесија е низ игра на улоги со спротивставени ставови, учениците да ги согледаат разликите помеѓу дијалогот и дебатата, во однос на текот и на исходот од двата стила на јавна расправа. Преку сесијата на учениците им се овозможува да ги развиваат своите комуникациски, преговарачки и реторички вештини. Во рамките на сесијата ќе бидат вклучени и пратеници во Собранието, со цел на студентите да им се пренесе и практично искуство во однос на темата на разгледување на сесијата.

За време на последната сесија, низ едукативна игра се прави рекапитулација на семинарот. Клучна улога во оваа сесија има интерактивниот пристап, кој претпоставува вклученост на учесниците низ одговарање на поставените прашања и дискусија.

На сите учесници на работилницата на крајот им се доделува сертификат за учество.

| | |
|---|---|
| **Општа цел на семинарот:** | Приближување на работата на Собранието на Република Северна Македонија до младата популација, што ќе придонесе за развивање на нивната свест за придобивките од демократијата и ќе ги поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост. |
| **Број на учесници:** | Шест училишта, бројот на учесници од едно училиште е четири ученици и еден наставник |
| **Време:** | Два пати во годината |
| **Место:** | Едукативен центар на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија |
| **Јазик:** | македонски јазик со обезбеден превод на албански јазик |
| **Обучувачи:** | Семинарот ќе биде реализиран од страна на обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт. |
| **Трошоци:** | Учеството на семинарот е бесплатно и вклучува бесплатни едукативни материјали, оброк и освежување за време на настанот. Трошоците за транспорт од/до местото на семинарот ги покриваат самите учесници. |
| **Начин на пријавување:** | Секое училиште кое ќе се пријави да учествува, номинира четири свои ученици кои ќе учествуваат на семинарот и еден наставник кој ќе ги придружува. Пријавувањето се врши преку софтверската платформа за пријавување: seminari.sobranie.mk |
| **Контакт:** | e-mail: parl.inst@sobranie.mk<br>тел: 02/3182-227 |

**<u>Посебни цели на семинарот:</u>**

По завршувањето на семинарот, учесниците:

- ќе знаат што е демократија, кои се нејзините придобивки, ќе добијат основни познавања за карактеристиките на парламентарнатата демократија и ќе знаат да ја идентификуваат нашата држава како парламентарна демократија;
- ќе ги научат најважните историски датуми и настани од модерниот развој на македонскиот парламентаризам;
- ќе знаат да дефинираат што е поделба на власта, кои се трите гранки на власт во Република Северна Македонија, нивните основни функции и меѓусебна контрола, како и зошто е тоа важно за демократијата;
- ќе знаат зошто и како се избираат народните претставници;
- ќе знаат да ги идентификуваат основните надлежности на Собранието и ќе имаат основна претстава за процесот на донесување закони;
- ќе се запознаат со просторот во кој работи Собранието.

За постигнување на овие цели, семинарот ќе ги опфати следните **<u>содржини:</u>**

| Содржини | времетраење |
|---|---|
| Организирана обиколка на зградата на Собранието | 60 минути |
| Политичка писменост: демократија и активно граѓанство | 45 минути |
| Историја на парламентаризмот во Македонија | 45 минути |
| Работилница: дијалог и дебата | 60 минути |
| Утврдување на знаењето преку квиз | 15 минути |
| Евалуација и доделување на сертификати за учество на семинарот | 15 минути |